Општина Охрид
Градоначалник

Република Северна Македонија
Единица на локалната самоуправа
Бр. 09-66/4 04.02.2022
ОХРИД

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002), член 34 од Статутот на општина Охрид, Правилникот за критериумите, условите и постапката заа субвенционирање и распредлба на финансиските средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за програми на спортски клубови, спортски здруженија, спортски манифестации, настани, проекти спортисти и други правни лица од обласа на спортот бр. 09-13105/1 од 16.12.2021 година, објавениот Јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за 2022 година за финансирање програми од Спортски клубови, Спортски здруженија, Спортски манифестации, Спортисти, други правни лица од областа на спортот на територијата на општина Охрид бр. 09-66/2 од 10.01.2022, а во согласност со Записник бр. 03-66/3 од 03.02.2022 година на Комисијата за спроведување на јавниот повик бр. 09-66/1 од 04.01.2022 г., Градоначалникот на општина Охрид го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

за распределување на буџетските средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за 2022 година за финансирање програми од Спортски клубови, Спортски здруженија, Спортски манифестации, Спортисти, други правни лица од областа на спортот на територијата на општина Охрид.

1. Се врши распределба на парични средства од програмата LO спорт и рекреација за 2022 година, конто 464990 од Буџетот на општина Охрид и тоа на следните Спортисти индивидуалци:

| Бр. | Спортист индивидуалец | Предлог 2022 |
|---|---|---|
| 1 | **Дејан Ангелоски** | 100,000.00 |
| 2 | **Ана Стојаноска** | 35,000.00 |
| 3 | **Ива Кецкарова** | 30,000.00 |
| 4 | **Филип Јосифоски** | 20,000.00 |

2. Се одбива барањето за доделување парични средства поради неисполнување на условите, односно поради некомплетна документација.

| | | |
|---|---|---|
| 5 | **Ненад Целески** | се одбива |
| 6 | **Емилија Целеска** | се одбива |
| 7 | **Теодора Колческа** | се одбива |
| 8 | **Петар Петкоски** | се одбива |
| 9 | **Јована Јовческа** | се одбива |
| 10 | **Сара Ническа** | се одбива |
| 11 | **Андреј Сиљаноски** | се одбива |

3. Се задолжува Секторот за спорт, млади и невладини организации да склучи Договори со сите баратели на кои им се доделени парични средства.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Општина Охрид на ден 10.01.2022 година, расписа Јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за 2022 година за финансирање програми од Спортски клубови, Спортски здруженија, Спортски манифестации, Спортисти, други правни лица од областа на спортот на територијата на општина Охрид со бр. 09-66/2.

Комисијата задолжена за спроведување на јавниот повик, со Записник од отварање на понуди, констатира дека до крајниот рок за доставување на барања до Архивата на Општина Охрид беа доставени 76 пријави.

На ден 26.01.2022 година, Комисијата врз основа на Правилникот и критериумите во истиот, изготви бодовна листа за спортисти индивидуалци за распределба на финансиските средства утврдени со Јавниот повик 09-66/2 од 10.01.2022 г., предвидени во Буџетот на општина Охрид.

Комисијата по евалуацијата на пријавите изготви Извештај за спортисти индивидуалци.

Според Извештајот на Комисијата, поради некомплетна документација, односно поради неисполнување на условите одбијани беа барателите Ненад Целески, Емилија Целеска, Теодора Колческа, Петар Петкоски, Јована Јовческа, Сара Ническа и Андреј Сиљаноски.

Врз основа на гореизнесеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на Решението.

Доставено до:
- Архива
- Сектор за спорт, млади и невладини организации
- Сектор за финансиски прашања
- Одделение за односи со јавност
- Кабинет на Секретар

**Изготвил:**
**Пом. Раководител на Сектор за правни работи**
**Иван Лотески**

**Одобрил:**
**Секретар на општина Охрид**
**Александар Китески**

**Општина Охрид**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков**

---------------------------